на И. Петрушевски, дека Здраве Николовски и неговите деца се од родот Костадинооj. Ова ми го потврдија Љупче Спасовски, Среќко Ристовски и Јове Миловски од Долно маало. Види, коментар за родот Костадинооj. Јас ги познавам Ратко, Роса и Трнина. Ратко и Љуба имаат синови Сашко и Данчо. Данчо е адвокат и имаат ќерка Маја и Елена.Трнина е генерација со сестра ми Милица и беше медицинска сестра. Ратко Здравев Николовски е оженет со Љуба Божиновска, ќерка на Бога односно внука на поп Ѓиго од родот Лалошооj. Види, ( Род Коачооj - Ред. бр. 22 ).

| | |
|---|---|
|  |  |
| Здраве + | Трнина + |

**Кузманооj *) е посебен** род во Долно маало. Кузман и Кузманица имаа четири ќерки: Даринка, Дука, Драгана и ? и еден син Симче. Симче немаше пород, а само Даринка имаше син Дракче, кој е оженет и живее во Лешок. Овој род не е сврстен со другите родови, бидејќи добив информации кога книгата беше завршена, од Јове Миловановски од Коринкооj и Среќко Ристовски од Петреej. Види, повеќе во родовите Коринкооj и Петреej. ( Р. бр. 25 и 37 ).
**Вељанооj *)** е **ново семејство** во Лешок, доселени од Тетово, со потекло од Маврово. Домашна слава е Св. Илија. Прв доселеник е Борче Вељјановски чие семејство ја купи куќата од Душан Богдановски. Борче Вељановски во бракот има син Александар и ќерка Николина. Борче е пензионер и редовно пешачи и се рекреира до Варвара. Борче е добар и чесен соселанец и ги подржува акциите за подобро живеење, а посебно ги почитува верски обичаи и традиции.

| | |
|---|---|
|  |  |
| Борче | Александар |

**Иванооj *)** е **ново семејство** во Лешок, кои се доселени од Рогачево. Домашна слава е Св. Константин и Елена, која се слави на 3 јуни. Прв доселеник е Игор Апостолоски со семејството, кои ја купиле старата куќа и место од родот Баракооj и изградија нова куќа. Во Рогачево домашна слава на Ивановци била Митровден, а во Лешок ја преземале славата Св. Константин и Елена.
Игор Апостолоски со сопругата Наташа во бракот имаат два сина Виктор и Лука.
Семејството Апостолоски, изгради нов параклис на местото на старата и разрушена црква Св. Петка во местото во Лешечките лозја под Весоојте коштање и на исток од Срански дол.
Игор е претседател на Црковниот одбор во Лешок, кои превземаа неколку активности во Лешок, како, доизградбата и довршување на црквата Св. Никола, која се освети во летото од 2024 година, се проширија гробиштата во Булино, се освети параклисот Св. Петка и др.

| | |
|---|---|
|  |  |
| Игор | Наташа |